# МИПС

## Извештај за обелоденување на самопроцената за усогласеност на платниот систем МИПС со Принципите за инфраструктура на финансиските пазари

**Датум на обелоденување:** Самопроцената беше направена заклучно со 30 јуни 2023 година, а беше објавена на 24 август 2023 година.

**СОДРЖИНА**


I. Вовед ... 3

II. Основни информации за МИПС ... 4

1. Опис на МИПС ... 4

Порамнување ... 4

Учество во МИПС и учесници ... 5

Статистички податоци ... 6

2. Управување со МИПС ... 8

3. Законска регулатива ... 8

4. Технички карактеристики и работно време на МИПС ... 9

III. Описни информации за усогласеноста на МИПС со Принципите за инфраструктура на финансиски пазари ... 10

Принцип 1: Правна основа ... 11

Принцип 2: Раководење ... 12

Принцип 3: Рамка за сеопфатно управување со ризиците ... 13

Принцип 4 : Управување со кредитниот ризик ... 15

Принцип 5: Обезбедување ... 15

Принцип 7: Управување со ликвидносниот ризик ... 16

Принцип 8: Конечност на порамнувањето ... 17

Принцип 9: Порамнувања со парични средства ... 17

Принцип 12: Плаќање наспроти плаќање ... 18

Принцип 13: Правила и процедури во случај на неисполнување на договорните обврски од страна на учесникот ... 18

Принцип 15: Општ деловен ризик ... 18

Принцип 16: Ризик на чувар на имот и инвестициски ризици ... 19

Принцип 17: Оперативен ризик ... 20

Принцип 18: Пристап и учество ... 22

Принцип 19: Аранжмани за повеќеслојно учество ... 22

Принцип 21: Ефикасност и ефективност ... 23

Принцип 22: Комуникациски процедури и стандарди ... 24

Принцип 23: Обелоденување на правилата, клучните процедури и пазарните податоци ... 24

IV. Листа на јавно достапни извори: ... 26

# I. Вовед

Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: МИПС) е систем за порамнување на плаќањата со големи вредности[1] и итните плаќања во денари во реално време на бруто-основа (RTGS – Real Time Gross Settlement System). МИПС започна со работа во јули 2001 година.

МИПС е платен систем со конечност на порамнување во парични средства кај централната банка, којшто врши пренос на средства помеѓу сметките за порамнување на учесниците, на бруто-основа (трансакција по трансакција) и во реално време по приемот на налогот за пренос од учесникот.

Покрај Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка), 13 домашни банки согласно со закон со кој се уредува основањето и работењето на банките во Република Северна Македонија, трезорите на Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија , во МИПС се порамнуваат плаќањата и на:

- Клириншката куќа „Клириншки интербанкарски системи" АД Скопје (КИБС) како оператор на платен систем за мултилатерално одложено нето-порамнување на плаќањата со кредитни трансфери,
- „Интернационалниот картичен систем" АД Скопје (КАСИС) систем како оператор на платен систем за мултилатерално одложено нето-порамнување на плаќањата со домашни брендови на платежни картички,
- „Централниот депозитар на хартии од вредност" АД Скопје којшто управува со системот за порамнување хартии од вредност и
- „Мастеркард инк." како оператор на платен систем одговорен за функционирање на картичната платежна шема.

МИПС, како системски значаен платен систем[2], има клучна улога во македонскиот платен систем овозможувајќи ефикасен тек на парите во економијата. Основната предност на неговата употреба од аспект на учесниците и нивните клиенти е брзината и сигурноста на извршувањето на плаќањата. Имајќи предвид дека налозите за пренос на парични средства се прифаќаат непрекинато во рамките на работното време на МИПС, поминуваат само неколку минути помеѓу испраќањето на налогот од страна на учесникот и приемот на паричните средства од друг учесник во МИПС за кој се наменети.

Народната банка го има воспоставено и го одржува, го развива и врши надзор над МИПС. Народната банка е сопственик на МИПС и ги дефинира условите за учество во системот, како и условите за пристап на други платни системи и системи за порамнување на хартии од вредност заради извршување на паричните порамнувања во МИПС. Народната банка е оператор и агент за порамнување во МИПС, којшто ги одржува сметките за

---

[1] Горната граница на износот над која платежните трансакции мора да се извршуваат во системски значајни платни системи, како што е МИПС, е 1.000.000 денари во согласност со Одлуката за горната граница на износот на плаќања со мала вредност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22).

[2] Одлука за критериумите за класификација на платните системи, стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22).

порамнување на учесниците на кои се чуваат паричните средства коишто се користат за порамнување на плаќањата во МИПС.

Во работењето на МИПС се идентификувани следниве видови ризици: системски ризик, правен ризик, кредитен ризик, ликвидносен ризик, оперативен ризик и деловен ризик. Управувањето со оперативните ризици, коишто вообичаено се најчесто присутни во работењето на платните системи, се извршува во согласност со Политиката за управување со оперативните ризици на Народната банка. Кредитниот и ликвидносниот ризик се оценети на ниско ниво имајќи предвид дека МИПС не создава кредитна и ликвидносна изложеност кон учесниците бидејќи порамнувањето на плаќањата се извршува на бруто-основа (трансакција по трансакција) во реално време во согласност со расположливите парични средства на сметките за порамнување на учесниците. Изложеноста на Народната банка кон банките во случај на одобрување интрадневен или кредит преку ноќ се управува соодветно преку прифаќање обезбедување коешто се состои од висококвалитетни хартии од вредност. Во однос на останатите ризици коишто се релевантни за МИПС, Народната банка има донесено одлуки, правила и интерни процедури и има поставено алатки коишто ѝ овозможуваат соодветно управување со нив.

Со овој извештај Народната банка ја обелоденува првата самопроцена на МИПС како системски значаен платен систем, со висока свесност и потреба за информирање на пошироката јавност за усогласеноста на системот со меѓународните принципи и за начинот на управување со ризиците коишто се поврзани со неговото работење, а коишто може да влијаат врз финансиската стабилност. Целта на извештајот е да се обелодени пред јавноста усогласеноста на системот со барањата од Одлуката за критериумите за класификација на платните системи, стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 271/22) во која се преточени Принципите за инфраструктурата за финансиските пазари[3].

## II. Основни информации за МИПС

### 1. Опис на МИПС

### Порамнување

МИПС е платен систем со конечност на порамнување во парични средства кај централната банка којшто врши пренос на средства помеѓу сметките за порамнување на учесниците, на бруто-основа (трансакција по трансакција) и во реално време по приемот на налогот за пренос од учесникот.

[3] „Принципи за инфраструктура на финансиските пазари“ (Principles for Financial Market Infrastructures) издадени од Комитетот за системите за плаќање и порамнување при Банката за меѓународно порамнување и Техничкиот комитет на Меѓународната организација на комисиите за хартии од вредност во април 2012 година.

Во МИПС се порамнуваат следниве видови налози за пренос во денари:

1) налози иницирани од учесник заради пренос на парични средства во свое име и за своја сметка, како и заради извршување платежни трансакции иницирани од неговите корисници на платежни услуги;

2) налози за извршување платежни трансакции заради спроведување на монетарната политика;

3) налози за снабдување на банките со готовина, како и преземање готовина од банките;

4) налози за порамнување на паричните обврски поврзани со трансакциите со финансиски инструменти;

5) налози за порамнување на паричните побарувања и обврски коишто произлегуваат од трансакциите обработени во други платни системи; и

6) други налози за пренос во согласност со законските прописи.

## Учество во МИПС и учесници

Учеството во МИПС е уредено со Законот за платежни услуги и платни системи и Правилата за работа на МИПС. Учеството се овозможува по исполнувањето на условите утврдени во Правилата за работа на МИПС и со склучување договор за учество и договор за отворање сметка за порамнување налози за пренос на денари во МИПС. Учесници во МИПС може да бидат:

1) Народната банка;
2) Трезорот на Министерство за финансии на Република Северна Македонија;
3) Трезорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија;
4) Банките;
5) Штедилниците;
6) Филијалите на странски банки;
7) Платежните институции;
8) Институциите за електронски пари;
9) Инвестициските друштва основани во согласност со закон којшто го уредува пазарот на капитал;
10) Клириншките куќа;
11) Агентите за порамнување;

12) Централната договорна страна;

13) Операторот на системот за порамнување на хартиите од вредност;

14) Операторот на платниот систем и

15) Операторот на платниот систем од држава членка или трета држава одговорен за функционирање на картичната платежна шема.

На крајот на 2022 година во МИПС има 20 учесници од кои 13 банки и 7 други учесници[4]. Прегледот на учесниците и сметките е објавен на интернет-страницата на Народната банка на следнава врска:

https://www.nbrm.mk/uchiesnitsi_i_smietki.nspx

## Статистички податоци

Достапноста на МИПС за извршување плаќања од страна на учесниците е на високо ниво, при што во изминатите пет години се движеше во распон од 99,95% до 100% од предвиденото работно време на МИПС.

**Табела 1: Достапност на МИПС по години**

| година | % достапност |
|---|---|
| 2018 | 99,95 |
| 2019 | 100,00 |
| 2020 | 99,97 |
| 2021 | 99,99 |
| 2022 | 100,00 |

Извор: Народна банка

Во 2022 година во МИПС се порамнети 7.552.665 налози за пренос (кредитни трансфери), што е во просек 30,578 налози дневно.

[4] Извор: Табела 6: Учество во платните системи **врска** https://www.nbrm.mk/platiezhna_statistika.nspx

**Табела 2: Број на обработени плаќања во МИПС по години**

| година | Број на обработени плаќања во МИПС |
|---|---|
| 2018 | 5.310.832,00 |
| 2019 | 5.504.371,00 |
| 2020 | 6.466.469,00 |
| 2021 | 7.299.391,00 |
| 2022 | 7.552.665,00 |

Извор: Народна банка

**Графикон 1: Број на плаќања обработени во МИПС по години**




Извор: Народна банка

Од аспект на вредноста, во 2022 година вкупниот износ на обработени налози за пренос во МИПС изнесува 16.177.685.386.904 денари или просечно дневно 65.496.701.971 денари.

**Табела 3: Вредност на плаќања обработени во МИПС по години**

| година | Вредност на обработени плаќања во МИПС |
|---|---|
| 2018 | 7.353.696.951.967,00 |
| 2019 | 13.759.116.801.287,00 |
| 2020 | 15.300.747.272.611,00 |
| 2021 | 19.000.965.061.064,00 |
| 2022 | 16.177.685.386.904,00 |

Извор: Народна банка

**Графикон 2: Вредност на плаќања обработени во МИПС по години**




Извор: Народна банка

## 2. Управување со МИПС

Во согласност со законските овластувања, Народната банка воспоставува, регистрира и врши надзор над сигурноста, стабилноста и ефикасноста на системите за плаќање, порамнување и клиринг. Истовремено, Народната банка е корисник на платните системи во земјата за спроведување на монетарната политика, одржување на финансиската стабилност и остварување на останатите значајни функции на централна банка. Во таа смисла, Народната банка ги има следниве улоги во платните системи: оперативна, надзорна, развојна и катализаторска улога.

Народната банка како сопственик на МИПС преку спроведување на одредбите во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и интерните акти ги применува меѓународните стандарди поврзани со раководење на МИПС. Со Народната банка управува Советот на Народната банка којшто е задолжен за дефинирање и формулирање на политиките и контрола на спроведувањето на политиките и надзор на работењето на Народната банка. Советот на Народната банка ги усвојува Правилата за работа на МИПС, како и Стратегискиот план на Народната банка и Програмата за работа на Народната банка со кои се дефинираат целите и задачите поврзани со работењето на платниот систем на земјата, вклучувајќи го и МИПС.

## 3. Законска регулатива

Работењето на МИПС е регулирано со законска и подзаконска регулатива. Во делот на законската регулатива, основен закон е Законот за Народната банка на Република Северна Македонија во кој се уредени задачите и овластувањата на Народната банка во делот на платните системи. Врз таа основа, Народната банка го има воспоставено и е

оператор на МИПС. Исто така, Законот за платежни услуги и платни системи го уредува пристапот и учеството во платните системи, како и видовите учесници во платните системи. Во тие рамки, Советот на Народната банка ги носи Правилата за работа на МИПС со кои подетално се уредени условите за учество во МИПС, порамнувањето и управувањето со ризиците во МИПС. Народната банка склучува договор за учество со учесниците, со кој се регулираат правата и обврските меѓу договорните страни за учество во МИПС. Истовремено, во согласност со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и Законот за платежни услуги и платни системи, Народната банка врши надзор на МИПС, за што Советот на Народната банка има донесено соодветни подзаконски акти.

## 4. Технички карактеристики и работно време на МИПС

МИПС е централизиран систем за порамнување во реално време на бруто-основа во чија примена се следат меѓународните технички и сигурносни стандарди. Тој нуди напредно, усогласено и високо ниво на услуга, многу функционалности и интерфејси за учесниците.

Форматот на пораките коишто се користат во МИПС е подмножество од пораките во стандардот СВИФТ МТ и стандардот ИСО 15022 МТ. Форматот на пораките е дефиниран во документот Стандард за намената и форматот на пораките во МИПС, во кој се дадени и примери за користење на секој тип порака.

МИПС е организиран модуларно за да се обезбеди стабилна и мошне брза обработка на податоците. МИПС комуницира со надворешните учесници со модулот за комуникација, размена и пренасочување на пораките – комуникацискиот сервер (PIE Dispatcher). Овој модул ги прифаќа пораките испратени од учесниците, извршува задачи во зависност од типовите на пораките и ги проследува до податочниот модул. Исто така, преку него податочниот модул ги доставува одговорите и известувањата до учесниците. Водењето на сметките за порамнување, порамнувањето на плаќањата, работата со базата на податоци и сите други јадрени функции се извршуваат во податочниот модул – МИПС-сервер (RTGS server). Податочниот модул обезбедува порамнување голем број трансакции во единица време и водење големи табели со податоци без тешкотии. За внатрешно следење на системот во Народната банка, како и за изведување администраторски активни операции, се користат оперативните и контролните апликации: следење на состојбите на сметките (Account Balance Monitor), надзор и следење (Audit & Monitoring), заднински операции (Back Office), управување со правата на пристап (Access Rights Manager) и управување со работниот ден (Business Day Administrator). Учесниците се поврзуваат со МИПС со апликацијата за поврзување – корисничка апликација за комуникација (File Adapter), којашто користи сопствен транспортен протокол.

МИПС е редундантно поставен систем, со цел да обезбеди непрекинатост во работењето на системот, т.е. непрекината услуга за учесниците. Сите компоненти на системот имаат резервна компонента, којашто продолжува да работи во случај да откаже работата на примарната компонента.

МИПС за плаќањата во денари во земјата им стои на располагање на учесниците во сите работни денови. Работен ден за плаќањата во денари во земјата е секој ден освен сабота (освен доколку е прогласена за работен ден со одлука на надлежен орган), недела и празници коишто се прогласени за неработни денови во Република Северна Македонија.

Во работен ден системот започнува со работа во 8:00 часот. Во 11:00 часот МИПС престанува со прием на налозите за пренос за порамнување на нето-позициите на учесниците во платниот систем којшто обработува платежни трансакции засновани на картичка. Во 15:30 часот престанува со примање налози за пренос за порамнување на нето-позициите на учесниците во платниот систем којшто обработува платежни трансакции иницирани со кредитни трансфери. Во 16:30 часот престанува со прием на платни налози на учесниците за нивни клиенти во денари и во 17:00 часот за сите учесници за денари.

## III. Описни информации за усогласеноста на МИПС со Принципите за инфраструктура на финансиски пазари

МИПС е системски значаен платен систем на кој се применуваат сите принципи применливи на платните системи, коишто се наведени подолу во табелата.

**Преглед на принципите коишто се применливи за МИПС**

| Бр. | Принцип | Применливост |
|---|---|---|
| 1 | Правна основа | Да |
| 2 | Раководење | Да |
| 3 | Рамка за сеопфатно управување со ризиците | Да |
| 4 | Управување со кредитниот ризик | Да |
| 5 | Обезбедување | Да |
| 7 | Управување со ликвидносниот ризик | Да |
| 8 | Конечност на порамнувањето | Да |
| 9 | Порамнувања со парични средства | Да |
| 12 | Плаќање наспроти плаќање | Не е применливо |
| 13 | Правила и процедури во случај на неисполнување на договорните обврски од страна на учесникот | Да |
| 15 | Општ деловен ризик | Да |
| 16 | Ризик на чувар на имот и инвестициски ризици | Да |
| 17 | Оперативен ризик | Да |
| 18 | Пристап и учество | Да |
| 19 | Аранжмани за повеќеслојно учество | Да |
| 21 | Ефикасност и ефективност | Да |
| 22 | Комуникациски процедури и стандарди | Да |
| 23 | Обелоденување на правилата, клучните процедури и пазарните податоци | Да |

## Принцип 1: Правна основа

***Платниот систем треба да има добро поставена, јасна, транспарентна и применлива правна основа за секој материјален аспект на своите активности во сите релевантни надлежности.***

Работењето на МИПС е правно уредено со домашна регулатива. Следниве правни акти го уредуваат работењето на МИПС:

- Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21);
- Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22);
- Законот за финансиска стабилност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22);
- Правила за работа на Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: Правилата за работа на МИПС);
- Интерните акти и процедури на Народна банка;
- Договорите за учество во МИПС;
- Договорите за отворање сметки за порамнување во МИПС.

Правната рамка којашто го регулира работењето на МИПС е хармонизирана со клучните директиви на Европската Унија коишто се однесуваат на платните системи и платежните услуги, како што се Директивата за конечност на порамнувањата (98/26 и 2009/44) и Директивата за платежни услуги 2 (2015/2366).

МИПС е системски значаен платен систем на кој се применуваат правилата за конечност на порамнувањата во согласност со Одлуката за критериумите за класификација на платните системи, стандардите за нивното работење и барањата за гарантен механизам („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22).

Законите и Правилата за работа на МИПС се јавно објавени на интернет-страницата на Народната банка. Советот на Народната банка ги носи Правилата за работа на МИПС, со што се обезбедува висок степен на правна и материјална сигурност. Правилата за работа на МИПС даваат јасна правна рамка за дефинирање на условите за членство и престанување на членство, условите и начинот на отворање сметки за порамнување, начинот на обработка и порамнување на налозите за пренос во МИПС, конечност на порамнувањето на налозите за пренос, ризиците и управувањето со нив, постапувањето во случај на стечај на учесник и начинот на комуникација со учесниците. Со склучување договор за учество во МИПС, сите учесници ги прифаќаат Правилата за работа на МИПС и другите документи коишто произлегуваат од нив и имаат обврска да се придржуваат до нив. Учесниците комуницираат со Народната банка преку определени лица за комуникација, на начинот што е дефиниран со правилата.

Во рамките на стручните дирекции коишто оперативно управуваат со МИПС се воведени интерни процедури, коишто се ревидираат на редовна основа при секоја промена. При измена на законската регулатива се врши консултација со сите засегнати страни. Во случај на измена на Правилата за работа на МИПС, предлог-измените на Правилата се доставуваат до учесниците најдоцна 15 дена пред нивното стапување во сила, при што учесниците може да доставуваат прашања, предлози и забелешки во рок од 7 дена од приемот на предлог-измените. Доставените предлози и забелешки од учесниците се разгледуваат и се земаат предвид при носењето конечни Правила за работа на МИПС.

## Принцип 2: Раководење

***Платниот систем треба да има аранжмани за управување коишто се јасни и транспарентни, да ја промовираат безбедноста и ефикасноста на платниот систем и да ја поддржуваат стабилноста на поширокиот финансиски систем, други релевантни цели од јавен интерес и целите на релевантните засегнати страни.***

Функционирањето на МИПС е неопходно за порамнување на другите платни системи во земјата, спроведување на монетарната политика, одржување на стабилноста на финансиските институции и пазарите, како и општо за непречено извршување на економските текови во земјата. Поради тоа, МИПС претставува системски значаен платен систем, а во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи и подзаконската регулатива, треба да биде усогласен со меѓународно прифатените стандарди за работа на платните системи. Народната банка како сопственик на МИПС, во согласност со одредбите во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и интерните акти ги применува меѓународните стандарди во раководењето на МИПС. Со Народната банка управува Советот на Народната банка којшто е задолжен за дефинирање и формулирање на политиките и контрола на спроведувањето на политиките и надзор на работењето на Народната банка. Советот на Народната банка и секој негов член е одговорен пред Собранието на Република Северна Македонија за постигнување и одржување на ценовната стабилност и за остварување на задачите на Народната банка пропишани со истиот закон, коишто меѓу другото вклучуваат и обезбедување сигурност, стабилност и ефикасност на платниот систем.

Покрај обврската на Народната банка, на редовна основа да го информира Собранието на Република Северна Македонија за остварувањето на нејзините цели и задачи, Народната банка објавува годишен извештај на својата веб-страница, со посебен осврт на плаќања и платните системи, каде што детално ги објаснува исполнувањето на стратегиските цели и годишните планови, како и трендовите кај платните системи и платежните услуги. Преку годишниот извештај, Народната банка ја запознава пошироката јавност за работата на МИПС и остварувањето на целите на сигурност, стабилност и ефикасност.

Советот на Народната банка ги усвојува Правилата за работа на МИПС, како и Стратегискиот план на Народната банка и Програмата за работа на Народната банка со кои се дефинираат целите и задачите поврзани со работењето на платниот систем на земјата,

вклучувајќи го и МИПС. Во рамките на Народната банка, со МИПС раководат две организациски единици, Дирекцијата за платни системи и Дирекцијата за ИТ-инфраструктура, преку поделба на задачите за раководење со него и оперативно функционирање и линии на одговорности во согласност со организациската структура на Народната банка. Во согласност со Правилникот за интерна систематизација на Народната банка, со кој се дефинирани работните задачи и описот на работните места во рамките на отсеците во дирекциите, детално се одвоени обврските и надлежностите. Народната банка ја објавува организациската шема на својата веб-страница.

МИПС подлежи на надзор и внатрешна ревизија. Советот на Народната банка, најмалку еднаш годишно, се информира за работењето на МИПС со годишен извештај за работењето на платните системи и извештаите од внатрешната ревизија.

Законот за Народната банка на Република Северна Македонија јасно го дефинира надзорот на МИПС, како задача на Народната банка, при што уредува дека само Народната банка е одговорна за регулирање, регистрирање и надзор, вклучувајќи преземање мерки и санкции, на системите за плаќање, порамнување и клиринг. За таа цел, Советот на Народната банка има донесено подзаконска рамка со која оперативно го регулира начинот на спроведување на надзорот и мерките, како и начинот на известување за потребите на надзорот.

Управувањето со МИПС, како оперативна функција на Народната банка, подлежи и на внатрешна ревизија, којашто во согласност со пропишани задачи спроведува контрола и ревизија, изготвува извештаи за извршена ревизија и по потреба предлага мерки.

## Принцип 3: Рамка за сеопфатно управување со ризиците

***ИФП треба да има здрава рамка за управување со ризикот за сеопфатно управување со правни, кредитни, ликвидносни, оперативни и други ризици.***

Во работењето на МИПС се идентификувани следниве видови на ризици: системски ризик, правен ризик, кредитен ризик, ликвидносен ризик, оперативен ризик и деловен ризик. Управувањето со оперативните ризици, коишто вообичаено се најчесто присутни во работењето на платните системи, се извршува во согласност со Политиката за управување со оперативните ризици на Народната банка. Во согласност со неа, организациските единици одговорни за работењето на МИПС ги регистрираат работните процеси и го утврдуваат нивниот степен на критичност, ги идентификуваат, ги евидентираат и ги проценуваат оперативните ризици, утврдуваат стратегија и акциски план со мерки за справување со ризиците. Ажурирањето на оцената на изложеноста кон оперативните ризици се врши еднаш на годишно ниво, а на полугодишно ниво се следи статусот на остварување на мерките предложени од Канцеларијата за стратегија и превенција, како посебна организациска единица којашто е под директна надлежност на гувернерот.

Во однос на останатите ризици коишто се релевантни за МИПС (правни, кредитни, ликвидносни и други ризици), Народната банка има донесено одлуки, правила и интерни процедури и поставено алатки кои и овозможуваат соодветно управување со истите. Правниот ризик во МИПС се управува преку задолжително правно мислење при

изготвување на измени/дополнувања на Правилата за работа на МИПС, договорот за учество и договорот за отворање сметка за порамнување на учесниците во МИПС.

Иако кредитниот и ликвидносниот ризик се теоретски поврзани со МИПС како систем за големи плаќања, сепак поради порамнувањето на пораките во реално време со парични средства на централната банка и можноста за извршување на плаќања до износот на средствата коишто учесникот ги има на сметката, овие ризици се минимални или речиси не постојат. Со кредитниот ризик во МИПС којшто може да се оствари при одобрувањето на интрадневниот кредит и расположливиот кредит преку ноќ, се управува преку прием на соодветно обезбедување, како и примена на принципот испорака наспроти плаќање при порамнување на трансакциите. Овие кредити се обезбедени со висококвалитетни хартии од вредност, што го сведува овој ризик во минимални граници. Со ликвидносниот ризик се управува со тоа што учесниците во МИПС имаат пристап до различни извори на ликвидност и функционалности на системот (проверка на состојбата во реално време, информација за очекуваните одливи и приливи, информација за нивото на ликвидни средства, промена на приоритетите на пораките за плаќања или отповикување поединечни плаќања).

Во однос на општиот деловен ризик во МИПС, Народната банка не извршува други деловни активности, освен активности и задачи коишто се опишани во законската рамка. Притоа, не постои ризик за прекин на работата на Народната банка заради влегување во стечај или ликвидација, имајќи предвид дека таа е централна банка формирана со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија во кој се јасно наведени нејзините надлежности и задачи. На крајот, во однос на системскиот ризик, учесниците во МИПС се обврзани со Правилата за работа да имаат процедури за да осигурат непрекинатост во работењето и да обезбедат обработка на налозите за пренос во вонредни услови. Во случај на нивно неисполнување, Народната банка има право привремено или трајно да го исклучи учесникот. Во случај на прекин на услугите, Народната банка може да побара од учесниците да ги доставуваат пораките на резервната локација на Народната банка.

Во согласност со Правилата за работа на МИПС се утврдуваат критичните учесници коишто треба да имаат оперативен капацитет за продолжување со извршувањето на плаќањата во рок од најмногу четири часа по настанатиот прекин.

Народната банка редовно ги следи ризиците и предлага решенија за нивно отстранување во зависност од природата на самиот ризик. Исто така, Народната банка има право да презема мерки за да се обезбеди непрекинатост во работењето и обработка на пораките за пренос на средства во вонредни услови преку соодветен план за непрекинатост на работењето. Еднаш годишно, Народната банка спроведува тестирање на плановите за непрекинатост на работењето, врз основа на кое се оценува ефективноста на овие планови, односно се врши нивно ревидирање. За извршените тестирања се изработуваат извештаи, во кои освен што се опишуваат процесот и резултатите од тестирањето, се даваат препораки за подобрување на процесот на извршување одредени оперативни задачи.

## Принцип 4 : Управување со кредитниот ризик

***Платниот систем треба ефективно да ја мери, да ја следи и да управува со својата кредитна изложеност кон учесниците и изложеноста што произлегува од неговите процеси на плаќање, клиринг и порамнување. Платниот систем треба да одржува доволно финансиски средства за целосно да ја покрие својата кредитна изложеност кон секој учесник со висок степен на доверба.***

МИПС не создава кредитна изложеност кон учесниците имајќи предвид дека порамнувањето на плаќањата се извршува на бруто-основа (трансакција по трансакција) во реално време во согласност со расположливите парични средства на сметките за порамнување на учесниците. Сепак, изложеноста на Народната банка на кредитен ризик може да настане при одобрување интрадневен кредит или кредит преку ноќ. Притоа, овие кредити се одобруваат врз основа на обезбедување коешто се состои од висококвалитетни должнички хартии од вредност (повеќе информации се дадени во **принципот 5 – обезбедување)**. За соодветно управување со својата кредитна изложеност, Народната банка има воспоставено рамка за управување со кредитниот ризик, којашто ја сочинуваат следниве подзаконски акти на Советот на Народната банка:

1. Одлуката за интрадневен кредит;

2. Одлуката за расположлив кредит преку ноќ;

3. Одлуката за утврдување на инструментите за обезбедување при спроведување монетарни операции.

## Принцип 5: Обезбедување

***Платниот систем којшто бара обезбедување за управување со својата кредитна изложеност или со кредитната изложеност на неговите учесници треба да прифати обезбедување со низок кредитен, ликвидносен и пазарен ризик. Платниот систем, исто така, треба да постави и да применува соодветни строги коефициенти на покритие и лимити на концентрација.***

Народната банка како оператор на МИПС, во согласност со Одлуката за утврдување на *инструментите за обезбедување при спроведување монетарни операции*, како инструменти за обезбедување при спроведување на монетарните операции со банките учеснички во МИПС, исклучиво прифаќа висококвалитетни должнички хартии од вредност коишто служат за заштита на Народната банка од кредитни, пазарни и ликвидносни ризици. Таа користи должнички хартии од вредност чиј преостанат рок до достасување е подолг од рокот на достасување на монетарните операции. Исто така, таа применува коефициенти на покритие како сооднос помеѓу вредноста на инструментите за обезбедување и одобрените парични средства и тие се утврдени во Листата на хартии од вредност за спроведување монетарни операции. Притоа, Народната банка на дневна основа ја следи вредноста на инструментите за обезбедување за времетраење на монетарните операции. Доколку соодносот помеѓу вредноста на инструментите за обезбедување и одобрените парични средства се намали под утврдените коефициенти на покритие, Народната банка има право

да побара дополнително покритие. Коефициентите на покритие се поставени за да бидат стабилни на подолг рок со цел да се избегне потребата од циклични приспособувања.

Народната банка има воспоставено систем за управување со обезбедувањето во рамките на интерните апликации во кои се обработуваат трансакциите коишто се поврзани со монетарните операции.

Народната банка нема политики за утврдување и избегнување концентрирано држење одредени средства со намера да се ограничат потенцијалните негативни ценовни ефекти, имајќи предвид дека како обезбедување прифаќа висококвалитетни должнички хартии од вредност за кои применува соодветни коефициенти на покритие.

## Принцип 7: Управување со ликвидносниот ризик

***Платниот систем треба ефикасно да го мери, да го следи и да управува со својот ликвидносен ризик. Платниот систем треба да одржува доволно ликвидни ресурси во сите релевантни валути за да се заврши порамнувањето на платните обврски во истиот ден и, онаму каде што е соодветно, интрадневно и повеќедневно порамнување, со висок степен на доверба во широк опсег на потенцијални стрес-сценарија коишто треба да вклучуваат, но да не се ограничени на неможноста за намирување на обврските на учесникот и лицата поврзани со него коишто би создале најголема вкупна ликвидносна обврска за платниот систем во екстремни, но веројатни пазарни услови.***

Во МИПС се врши порамнување на плаќањата само доколку има доволно парични средства на сметките за порамнување на учесниците. Поради тоа, Народната банка како оператор на МИПС не е изложена на ликвидносен ризик. Сепак, учесниците во МИПС може да бидат изложени на ликвидносен ризик доколку немаат доволно ликвидни средства на своите сметки за порамнување на плаќањата за своите клиенти или за свои потреби.

Улогата на Народната банка во управувањето со ликвидносниот ризик на учесниците во МИПС се фокусира на поддршка на учесниците преку користење на следниве механизми и извори на ликвидност:

- Учесниците во МИПС можат да ја следат состојбата на својата сметка за порамнување и статусот на налозите за пренос во реално време;
- Учесниците во МИПС можат да одредат приоритет на плаќањата од 11 до 99, со што можат да ги извршат плаќањата со поголем приоритет, за коишто имаат доволно средства на сметката за порамнување, пред други плаќања коишто се застанати во редицата на чекање;
- МИПС нуди механизам за пребивање на плаќањата во редицата на чекање за порамнување на мултилатерална нето-основа, што овозможува клиринг на плаќањата со користење многу помала ликвидност на учесниците;
- Банките коишто имаат обврска за одржување задолжителна резерва, може да ја исполнат на просечна основа во периодот на исполнување, што им овозможува користење на средствата во деновите кога им е потребно;

- Народната банка, врз основа на соодветно обезбедување со висококвалитетни хартии од вредност, овозможува интрадневен кредит без камата за банките во случај кога тие имаат недостиг на ликвидност заради порамнување на трансакциите. Доколку банките не се во можност да го вратат кредитот во текот на работниот ден, тој преминува во кредит преку ноќ. Во согласност со тековната законска регулатива, само банките може да добијат интрадневен кредит од Народната банка. Останатите учесници извршуваат плаќања до износот на средствата на нивните сметки за порамнување во МИПС.
- Другите платни системи коишто учествуваат во МИПС за порамнување на нето-позициите на нивните учесници може да имаат гарантен фонд којшто се користи во случај кога некој учесник во платниот систем нема доволно средства на својата сметка за порамнување во МИПС.

## Принцип 8: Конечност на порамнувањето

***Платниот систем треба да обезбеди јасно и извесно конечно порамнување, најмалку до крајот на денот на датумот на валута. Онаму каде што е потребно или посакувано, платниот систем треба да обезбеди конечно порамнување во текот на денот или во реално време.***

МИПС е платен систем во кој плаќањата се порамнуваат во реално време, при што на МИПС се применуваат правилата за конечност на порамнувањата. Во согласност со тоа, Правилата за работа на МИПС го дефинираат моментот на внесување на налогот за пренос во системот, моментот од кој налогот за пренос не може да биде отповикан и моментот кога налогот за пренос е конечно порамнет. Моментот на внесување на налогот е моментот на потврдување на неговиот прием од страна на МИПС. Налогот за пренос повеќе не може да се отповика од учесникот во МИПС или од трето лице откако ќе започне процесот на порамнување во МИПС. Притоа, налогот за пренос е конечно порамнет за учесникот плаќач во моментот на задолжување на паричните средства од неговата сметка за порамнување и за учесникот примач во моментот на одобрување на паричните средства на неговата сметка за порамнување.

## Принцип 9: Порамнувања со парични средства

***Платниот систем треба да ги спроведе своето парично порамнување со парични средства на централната банка каде што е практично и можно. Ако не се користат паричните средства на централната банка, платниот систем треба да го минимизира и строго да го контролира кредитниот и ликвидносниот ризик коишто произлегуваат од употребата на парични средства на деловните банки.***

МИПС овозможува порамнување на плаќањата во денари во реално време со парични средства на централната банка.

## Принцип 12: Плаќање наспроти плаќање

***Ако платниот систем порамнува трансакции коишто вклучуваат порамнување на две поврзани обврски (на пример, трансакции со хартии од вредност или девизни трансакции), тој треба да го отстрани ризикот на главнина преку условување на конечното порамнување на едната обврска со конечно порамнување на другата обврска.***

Овој принцип не е применлив за плаќањата во денари во МИПС.

## Принцип 13: Правила и процедури во случај на неисполнување на договорните обврски од страна на учесникот

***Платниот систем треба да има ефективни и јасно дефинирани правила и процедури за управување во случај кога учесникот нема можност да ги намири обврските. Со овие правила и процедури на платниот систем му се овозможува да преземе навремени активности за да ги ограничи загубите и ликвидносните притисоци и да продолжи со исполнувањето на своите обврски.***

Правилата за работа на МИПС го уредуваат делот на правата и обврските на учесниците, како и постапката за времено и трајно исклучување на учесниците. Неисполнувањето на обврските од страна на одреден учесник не може да го загрози исполнувањето на обврските на Народната банка како оператор на МИПС, бидејќи самиот систем не е изложен на ликвидносен и кредитен ризик. Правилата за работа на МИПС јасно го регулираат дејствувањето на Народната банка во случај на неисполнување на обврските од страна на учесник. Случаите на неисполнување на обврските се опишани во главата VIII од Правилата за работа на МИПС. Дефинирани се релевантните дејствија коишто Народната банка може да ги преземе во случај кога учесникот не ги исполнува обврските, односно негово времено и трајно исклучување од системот. Народната банка го доставува известувањето за исклучување учесник со соодветна порака до учесниците во МИПС, а доколку не постојат технички можности, тогаш известувањето се доставува по електронска пошта до учесниците.

## Принцип 15: Општ деловен ризик

***Платниот систем треба да го утврди, да го следи и да управува со својот општ деловен ризик и да има доволно ликвидни нето-средства коишто потекнуваат од капиталот за покривање на потенцијалните општи деловни загуби за да може да продолжи со операциите и услугите доколку тие загуби се остварат. Понатаму, ликвидните нето-средства треба во секое време да бидат доволни за да се обезбеди закрепнување или регуларен престанок на критичните операции и услуги.***

Народната банка, како сопственик и оператор на МИПС, секојдневно се грижи за непречено функционирање на системот и извршување на сите операции иницирани од учесниците. Притоа, општ деловен ризик во МИПС не е идентификуван пред сè поради тоа што не постои ризик за прекин на работата на Народната банка заради влегување во стечај

или ликвидација, имајќи предвид дека таа е централна банка формирана со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија во кој се јасно определени нејзините надлежности и задачи. Единствено може да се напомене дека во контекст на работењето на МИПС, со општиот деловен ризик е поврзан репутацискиот ризик во случај на пад на работењето на МИПС. Мерките за управување со овој ризик се обработени во принципот 17 – оперативен ризик.

Народната банка наплаќа надоместоци од учесниците во системот за услугите коишто учесниците ги остваруваат преку МИПС и се регулирани со Одлуката за видот и висината на надоместоците за услугите коишто ги дава Народната банка. Следствено, ризикот дека Народната банка нема да може да ги покрие своите трошоци поврзани со работењето на МИПС во случај на недоволни приходи од надоместоците коишто ги наплаќа од учесниците во системот за услугите коишто тие ги добиваат преку МИПС и којшто би придонесол за загрозување на функционирањето на МИПС, е минимален. При утврдување на надоместоците, се применува принцип на целосно покривање на трошоците.

Поради клучната улога на МИПС во македонскиот платен систем, како и функциите и правниот статус на Народната банка, ликвидацијата на овој систем не е можна, поради што не се подготвуваат планови за решавање. Во случај на потреба од замена на МИПС со нов систем, се применуваат интерните прописи со кои се регулира безбедноста на информацискиот систем на Народната банка.

## Принцип 16: Ризик на чувар на имот и инвестициски ризици

***Платниот систем треба да ги заштити сопствените средства и средствата на своите учесници и да го минимизира ризикот од загуба и доцнење при пристап до овие средства. Инвестициите на платниот систем треба да бидат во инструменти со минимален кредитен, пазарен и ликвидносен ризик.***

Народната банка не ги инвестира хартиите од вредност коишто ги прима од банките учесници во МИПС како обезбедување за одобрениот интрадневен кредит или кредит преку ноќ. Притоа, Народната банка ги чува примените хартии од вредност како обезбедување во Централниот депозитар на хартии од вредност, во депозитарот на благајнички записи којшто го води Народната банка или користи услуги на чувар на имот единствено за еврообврзниците коишто ги има издадено Република Северна Македонија на меѓународните финансиски пазари.

При одобрување интрадневен кредит или кредит преку ноќ, порамнувањето се врши со примена на принципот „испорака наспроти плаќање" во случај кога како обезбедување се користат државни хартии од вредност издадени во земјата и благајнички записи издадени од Народната банка. Испорака наспроти плаќање (англ.:Delivery Versus Payment – DVP) е принцип на порамнување што обезбедува конечен пренос на сопственост на хартиите од вредност со истовремен пренос на парични средства. При порамнување трансакции со хартии од вредност коишто се издадени на меѓународните финансиски пазари, Народната банка ги одобрува паричните средства на сметката за порамнување на

банката во МИПС откако ќе добие потврда за конечен пренос на сопственоста на хартиите од вредност.

Како банки чувари на имот Народната банка ги користи услугите на централните банки што се дел од евросистемот на централни банки, а има сметки и во двата меѓународни депозитари на хартии од вредност. Со меѓународните депозитари на хартии од вредност или други централни банки во улога на чувари на имот се склучени договори за отворање сметка во кои се уредени и старателските услуги (англ. custody). Во нив целосно се опфатени сите права и обврски на договорните страни, при што уредено е и чувањето на имотот, односно заштита на нашите средства (хартии од вредност) чувани кај овие институции. Хартиите од вредност се чуваат на индивидуални сметки за хартии од вредност и не се групирани заедно со хартиите од други клиенти на банките чувари на имот, односно меѓународните депозитари на хартии од вредност.

## Принцип 17: Оперативен ризик

***Платниот систем треба веродостојно да ги идентификува внатрешните и надворешните извори на оперативен ризик и да го ублажи нивното влијание преку употреба на соодветни системи, политики, процедури и контроли. Системите треба да бидат поставени за да се обезбеди висок степен на безбедност и оперативна доверливост и треба да имаат соодветен, приспособлив капацитет. Управувањето со континуитетот во работата треба да стреми кон навремено закрепнување на операциите и исполнување на обврските на платниот систем во случај на широка скала на прекини или големо нарушување.***

Народната банка ги следи и управува со утврдените оперативни ризици во согласност со Политиката за управување со оперативните ризици на Народната банка, Упатството за спроведување на Политиката за управување со оперативните ризици и Прегледот на изворите на оперативните ризици. Во согласност со Прегледот на изворите на оперативниот ризик, утврдени се четири основни извори на ризик: човечкиот фактор, управувањето и спроведувањето на работните процеси, информациските системи и надворешните фактори.

Управувањето со оперативните ризици се остварува постапно, така што еднократно на почетокот, а потоа најмалку еднаш во текот на годината, организациските единици ги (ре)дефинираат работните процеси и проекти од аспект на нивната поврзаност со остварувањето на стратегиските цели. Во текот на годината се прави (ре)оценување на критичноста на работните процеси и проекти врз основа на неколку екстремни сценарија, при што за критични се оценуваат процесите и проектите чиешто (не)извршување може да има директно влијание врз работењето, здравјето и животот на вработените, финансискиот резултат и репутацијата, а со тоа и врз остварувањето на стратегиските цели на Народната банка. Во рамките на активностите во областа на управувањето со оперативните ризици спаѓаат и идентификувањето на оперативните ризици што подразбира утврдување на потенцијалните извори на оперативен ризик, како и на можните ризични настани. Исто така, за управување со оперативниот ризик на ниво на Народната банка, коешто ги опфаќа

и процесите поврзани со МИПС, постојат интерни процедури и дефинирани контроли за процеси во организациските единици.

Управувањето со оперативните ризици го спроведуваат повеќе организациски нивоа во Народната банка, при што задачите и одговорностите се распределени на: Советот на Народната банка, Комитетот за управување со оперативните ризици, Канцеларијата за стратегија и превенција – Функција за стратегија и оперативни ризици, раководителите на организациските единици, лицата за управување со оперативните ризици во организациските единици, Дирекцијата за внатрешна ревизија и воопшто на сите вработени во Народната банка. Тестирањето на системите, политиките, процедурите и контролите се врши во согласност со Планот за обезбедување на непрекинатост на работењето и планот за тестирање на Планот за обезбедување непрекинатост во работењето.

Во Народната банка во примена е Политиката за сигурност на информацискиот систем за чиешто спроведување се донесени интерни акти, во кои подетално се уредени техничките и организациските мерки за обезбедување сигурност на информацискиот систем. Оперативната сигурност во Народната банка, вклучувајќи ја и сигурноста на МИПС, се обезбедува преку бројни технички и организациски мерки за безбедност коишто вклучуваат, но не се ограничуваат на: јасно воспоставени улоги и одговорности, воспоставени активности за управување со ризиците, со средствата, со конфигурациите и промените, редовни пенетрациски тестирања на критичните системи, квартални тестирања на ранливостите на системите, воспоставен процес за управување со инциденти, обезбедување непрекинатост на работењето, редовни обуки за подигнување на свеста во однос на безбедноста на информацискиот систем и сл.

Во однос на управувањето со оперативните ризици предизвикани од надворешни фактори, во Одлуката за поврзување со информацискиот систем на Народната банка се поставени барања за учесниците за обезбедување комуникациски врски со МИПС на главната и резервната локација, како и резервна врска со главната локација којашто треба да биде обезбедена од различен оператор и да поминува низ кабелска патека различна од примарната комуникациска врска. Во нив се уредени обврски за учесникот за воспоставување соодветни безбедносни контролни механизми за заштита на интегритетот, доверливоста и расположливоста на информацискиот систем, за воспоставување процедура за непрекинатост во работењето, за обезбедување обработка на пораките во вонредни услови и за учество во редовни и вонредни тестирања за решавање вонредни ситуации на барање на Народната банка. Учесниците во МИПС треба да склучат договори за услужни нивоа со добавувачите на софтвер, хардвер и на телекомуникациски услуги, како и други критични услуги поврзани со работењето на МИПС. Во услови на недостапност на системите и комуникациските врски за обработка на пораките за пренос на средства во МИПС кај учесниците, Народната банка овозможува обработка на пораките за пренос на средства од учесниците во МИПС од пренослив компјутер во сопственост на учесникот, преку мрежни приклучоци во просториите на примарната и резервната локација на Народната банка.

## Принцип 18: Пристап и учество

***Платниот систем треба да има објективни и јавно обелоденети критериуми за учество, коишто се засновани на ризик и коишто дозволуваат праведен и отворен пристап.***

Учесниците во платен систем се конкретно дефинирани во член 133 од Законот за платежни услуги и платни системи. Понатаму законот во делот на учество и учесници одредува дека условите ги пропишува операторот на платниот систем со правилата за работа на платниот систем. Во таа смисла, Правилата за работа на МИПС одредуваат услови за учество во МИПС и начин и услови за вклучување нови учесници во случај на директно и индиректно учество. Правилата за работа на МИПС се јавно објавени на интернет страницата на Народната банка. Правилата за работа на МИПС ги дефинираат условите и документите за учество, кои се објективни, транспарентни и недискриминирачки. Народната банка одлучува по поднесено барање за учество врз основа на исполнетост на условите за учество, при што со учесникот склучува договор за учество во МИПС. Договорот за учество во МИПС е јавно објавен на интернет страницата на Народната банка. По склучувањето на договорот за учество во МИПС учесникот номинира лице за комуникација и склучува договор за отворање на сметка за порамнување во МИПС. Со приклучувањето на МИПС учесникот ги прифаќа Правилата за работа и е должен да работи во согласност со Правилата и да остварува комуникација со Народната банка преку назначување лице.

Правилата дефинираат и услови за времено и трајно исклучување на учесниците. Народната банка писмено го опоменува учесникот доколку постојат причини за времено исклучување од МИПС и утврдува рок за отстранување на неусогласеностите. Доколку учесникот не ги отстрани причините за утврдените неусогласености, Народната банка времено го исклучува учесникот од МИПС на крајот на работниот ден утврден со рокот за отстранување на неусогласеностите, за што веднаш го известува, како и останатите учесници во МИПС. По отстранувањето на неусогласеностите, Народната банка повторно го вклучува времено исклучениот учесник во МИПС и овозможува порамнување налози за пренос за учесникот.

За приклучување на нови учесници, отворање на нови сметки и исклучување на учесник Народната банка веднаш ги известува сите учесници преку порака или електронска пошта. Листата на учесници е јавно достапна на интернет страницата на Народната банка.

## Принцип 19: Аранжмани за повеќеслојно учество

***Платниот систем треба да ги идентификува, да ги следи и да управува со материјалните ризици на кои е изложен, а коишто произлегуваат од аранжманите за повеќеслојно учество.***

Во МИПС повеќеслојното (индиректно) учество е во мал и контролиран број, каде што индиректното учество се врши преку опслужување на сметката за порамнување во МИПС. Во согласност со Правилата за работа на МИПС директните учесници во МИПС може да опслужуваат сметки на други субјекти коишто имаат отворено сметка во Народната банка. Субјектите чиишто сметки се опслужуваат (индиректен учесник) го поднесуваат

образецот *за овластување за опслужување на сметката за порамнување на индиректниот учесник од страна на директен учесник во МИПС*. На овој начин, индиректниот учесник го овластува директниот учесник да обработува пораки на товар и во корист на сметката на индиректниот учесник. При регистрација или промена на овластувањето, потребна е согласност од индиректниот и од директниот учесник, како и да се извести Народната банка. Индиректниот учесник е должен да ги исполнува постојано одредбите од Правилата за работа на МИПС, овозможувајќи соодветно управување со ризиците во МИПС.

## Принцип 21: Ефикасност и ефективност

***Платниот систем треба да биде ефикасен и ефективен во пресрет на барањата на своите учесници и пазарите на кои работи.***

МИПС започна со работа во јули 2001 година. При воспоставувањето и осмислувањето на МИПС се тргна од Стратегијата за реформа на платниот систем. Во процесот на воспоставување Народната банка имаше активна комуникација со директните учесници на МИПС и се водеше од начелата на практичност и оптимални трошоци за учесниците во прилог на нивните потреби за вршење итни и големи плаќања, при што се воспоставени процедури и комуникациски стандарди коишто се меѓународно прифатени. Исто така, беше воспоставена можност за комуникација на системот, покрај стандардниот пристап преку СВИФТ-мрежа, и со домашна приватна мрежа заради помали трошоци за учесниците. Воедно, беше водена сметка и за потребите на порамнувања и за други системи (КИБС, КАСИС, ЦДХВ итн.). Ваквата поставеност овозможи користење на МИПС од сите негови учесници, а со тоа и ефикасна поддршка на финансискиот пазар во земјата.

Народната банка ја промовира ефикасноста на системот и преку почитување на пазарните механизми на набавка на услуги и одржување поврзани со работењето на МИПС преку јавни набавки и процедури во согласност со законските прописи за јавни набавки.

Во поглед на деловните операции основа цел е навремено комплетирање на работниот ден. Следствено, во согласност со Правилата за работа на МИПС се поставени задачи за извршување на деловните операции на МИПС во согласност со терминскиот план којшто е составен дел од Упатството за спроведување на Правилата за работа на МИПС. Во досегашното работење на МИПС успешно се спроведуваат целта и задачите и не е забележан деловен инцидент со којшто е загрозена основната цел и исполнувањата на задачите (од отворањето на работниот ден до издавањето изводи). Постојаното следење на системот на дневна основа е дополнителен механизам за редовна проверка на ефикасноста и ефективноста на системот. Во техничка смисла, следењето на остварувањата на системот се состои од следење на неговите поединечни елементи, т.е. локалната мрежа и СВИФТ, серверите, оперативниот систем, платформата за интеграција и остварувањата на поединечните модули. Во деловна смисла, се врши следење на процесите поврзани со отворањето и затворањето на работниот ден, порамнување на налозите во текот на денот, состојбите на сметките и отворање и затворање на сметките, склучување договори за учество и друга комуникација и поддршка на учесниците.

Во досегашното работење, целите и задачите на МИПС од деловен аспект, како и од законски аспект се остварени со висок степен. Во таа смисла, достапноста на МИПС за порамнување на плаќања во изминатите пет години беше на високо ниво од 99,95% до 100% од неговото предвидено работно време.

## Принцип 22: Комуникациски процедури и стандарди

***Платниот систем треба да користи или, во најмала рака, да се приспособи на релевантните, меѓународно прифатени, комуникациски процедури и стандарди со цел да се олесни ефикасноста во плаќањето, клирингот, порамнувањето и евидентирањето.***

Народната банка користи меѓународно прифатени комуникациски процедури, коишто за потребите на работењето на МИПС се опишани во Правилата за работа на МИПС, Упатството за спроведување на Правилата за работа на МИПС, Стандардот за намената и форматот на пораките во МИПС и документите Начин на поврзување со МИПС преку СВИФТ мрежа (начин број 1) или преку кабелска врска (начин број 2).

За електронско-телекомуникациско поврзување со МИПС и размена на пораки може да се користи ВПН-мрежа или СВИФТ. МИПС го користи стандардот МТ за формат на пораките.

Во кризни ситуации, Народната банка овозможува и услуга за автоматизирана обработка на плаќањата на учесниците од пренослив медиум или обработка на плаќањата на учесниците од пренослив компјутер, со поврзување приклучок во просториите на Народната банка, што исто така е во согласност со меѓународно прифатените комуникациски стандарди.

## Принцип 23: Обелоденување на правилата, клучните процедури и пазарните податоци

***Платниот систем треба да има јасни и сеопфатни правила и процедури и треба да обезбеди доволно информации за да им овозможи на учесниците да имаат прецизно согледување на ризиците, надоместоците и другите материјални трошоци на кои се изложени тие со учеството во платниот систем. Сите релевантни правила и клучните процедури треба да бидат јавно обелоденети.***

Со Правилата за работа на МИПС се уредува управувањето со оперативните ризици, ризикот од сигурноста на информациските системи, ризикот при порамнување и други ризици во платниот систем. Правилата се донесуваат од страна на Советот на Народната банка и се јавно достапни на интернет-страницата на Народната банка. Во случај на измена на Правилата за работа на МИПС или која било услуга којашто се нуди во МИПС, се врши консултација со учесниците, при што учесниците навремено се известуваат за сите измени, а најдоцна 15 дена пред стапувањето во сила на измените, при што учесниците може да доставуваат прашања, предлози и забелешки во рок од 7 дена од приемот на предлог-измените. Доставените предлози и забелешки од учесниците се разгледуваат и се земаат

предвид при носењето на конечните Правила за работа на МИПС. Договорите за учество во МИПС, договорите за отворање сметка за порамнување, како и Одлуката за поврзување со информатичкиот систем на Народната банка се исто така објавени на интернет-страницата на Народната банка.

Услугите коишто ги овозможува Народната банка и висината на надоместоците за овие услуги се утврдени во одлука донесена од страна на Советот на Народната банка, којашто е објавена на интернет-страницата на Народната банка. Договорните страни ги разрешуваат сите спорови во рамките на македонско законодавство.

Во рамките на платежната статистика се објавуваат месечни статистички податоци за бројот и вредноста на платежните трансакции порамнети во МИПС со редовна квартална динамика. Објавите се во форма на табели, а на годишна основа се изготвува и информација за плаќањата во земјата којашто исто така се објавува на интернет-страницата на Народната банка.

## IV. Листа на јавно достапни извори:

- Закон за Народната банка на Република Северна Македонија;
- Закон за платежни услуги и платни системи;
- Правила за работа на МИПС;
- Упатство за спроведување на Правилата за работа на МИПС;
- Стандард за намената и формата на пораките во МИПС;
- Подзаконски акти коишто произлегуваат од Законот за платежни услуги и платни системи;
- Одлука за поврзување со информатичкиот систем на Народната банка на Република Македонија;
- Платни системи на кои се применуваат правилата за конечност на порамнување;
- Преглед на сметки отворени во МИПС;
- Преглед на учесници во МИПС;
- Статистички извештаи;
- Регистар на системи за плаќање, порамнување и клиринг;
- Листа на водечки броеви на банките во Република Северна Македонија;
- Надоместоците кои се наплатуваат во МИПС;
- Преглед на работно време на МИПС;
- Работни денови во МИПС;
- Технички карактеристики на МИПС;
- Договор за учество во МИПС;
- Договор за отворање сметка за порамнување во МИПС.